## Лист со факти 1 (македонски јазик)

This is the Macedonian factsheet.

# Локални служби за ментално здравје и благосостојба

# за возрасни и постари возрасни лица

Владата на Викторија ќе воведе до 60 локални служби за ментално здравје и благосостојба на возрасни и постари возрасни лица (локални служби) низ цела Викторија до крајот на 2026. Ова е една од водечките реформи препорачани од Кралската комисија за системот за ментално здравје на Викторија (Кралска комисија).

Новата мрежа на локални служби ќе биде важен дел од реформираниот систем за ментално здравје на Викторија и ќе обезбедува лесен пристап до лекување и поддршка. Се прошируваат и менуваат и други делови од системот за ментално здравје. Заедно, овие промени ќе значат дека луѓето кои страдаат од ментална болест или психолошка вознемиреност ќе ја добиваат потребната поддршка порано, додека престојуваат во својата заедница, близу до нивните семејства, негуватели и поддржувачи.

## Кој може да ги користи локалните служби?

Локалните служби ќе обезбедуваат висококвалитетно лекување, нега и поддршка на лица **од 26 години па нагоре** кои се соочуваат со ментална болест или психолошка вознемиреност и кои:

- имаат потреба од **поголема поддршка** од она што може да го добијат од матичните лекари, приватните психолози и психијатрите,
- имаат проблеми со злоупотреба на супстанции или зависност, но
- **немаат** потреба од голема и комплексна нега што ја обезбедуваат регионалните служби за ментално здравје и благосостојба (како што е хоспитализирана нега во болница).

За луѓе кои имаат поголеми или различни потреби, локалните служби ќе помогнат во нивно насочување кон вистинското место

## Каква поддршка ќе даваат локалните служби?

Во согласност со препораките на Кралската комисија, локалните служби ќе ги комбинираат клиничкото ментално здравје и благосостојбата, што ќе ги спроведува мултидисциплинарен тим. Услугите ќе вклучуваат:

- **Клиничко лекување и терапија**–, како што се проценка на менталното здравје и психолошки услуги, вклучувајќи проблеми со алкохол и други проблеми со дрога
- **Поддршка на благосостојбата**– како што е поддршка за закрепнување, зајакнување на односите, стекнување животни вештини, вклучување во заедницата и решавање проблеми како физичка болест, бездомништво и финансиски проблеми

- **Образование, поддршка од луѓе во слична ситуација и самопомош**– можности за остварување контакт со луѓе кои имаат искуство со ментални болести, семејства, негуватели и поддржувачи за да споделуваат искуства и идеи и да учат едни од други
- **Планирање и координација**– помош за пронаоѓање, пристап и добивање други услуги за здравствена и социјална поддршка.

Мото на локалните служби ќе биде „Како можеме да помогнеме?“. Секоја локална служба ќе биде флексибилна за да одговори на уникатните потреби на локалната заедница.

## Како луѓето ќе пристапуваат до локалните служби?

Локалните служби ќе бидат **бесплатни** и **лесно достапни,** нема да биде потребен упат. Тие ќе бидат достапни со продолжено работно време. Ќе има спектар на начини за пристап до поддршка, како на пример:

- одење во безбедно и пријатно место или средина
- посета во домот или на други безбедни и практични места
- на вашиот телефон или преку видеоповик.

Кралската комисија препорача негата да се води според потребите на корисниците и сосредоточена на личноста. Ова значи дека луѓето ќе може се договараат со локалната служба за да испланираат своја индивидуална нега. Кога првпат ќе се обратат кај локалната служба, ќе може да објаснат што им треба. Потоа, доколку е потребно, ќе има холистичка проценка на сите потреби на лицето. Според направениот план, ќе добиваат интегрирана клиничка нега за ментално здравје и благосостојба, вклучувајќи лекување и нега поврзано со алкохол и други, доколку е соодветно.

## Како локалните служби ќе соработуваат со другите делови на реформираниот систем за ментално здравје?

Локалните служби ќе бидат важен дел од реформираниот систем за ментално здравје и благосостојба на Викторија. Реформираниот систем има шест нивоа (видете Слика 1). Локалните служби се четвртото ниво и претставуваат нова ’влезна врата‘ во системот. Движењето на луѓето низ системот ќе биде лесно и тие ќе ја добиваат вистинската нега на вистинското место.




*Слика 1 Нивоа на системот за ментално здравје и благосостојба*

Локалните служби ќе функционираат заедно со матичните лекари, приватните психијатри и психолози и давателите на нега за алкохол и други дроги во локалната заедница (третото ниво). На пример, едно лице може да добива нега од својот матичен лекар **и** поддршка за благосостојба од локалната служба. Поддршката може да вклучува помош за стекнување на животни вештини или справување со важен проблем како што е бездомништвото.

Кога потребите на лицето се менуваат и му е потребна повеќе или помалку интензивна нега, таа лесно ќе се пренесе на и од регионалните служби (петтото ниво). Луѓето ќе имаат пристап до регионалните служби со:

- упат од локалната служба
- упат од матичниот лекар или
- по доаѓање во ургентен центар.

Службите на нивоата два, три и четири ќе имаат блиска соработка во давањето третман и нега. На пример, локалните служби, матичните лекари, психолозите и психијатрите кои работат во заедницата, ќе имаат пристап до стручни совети од специјалисти за акутно ментално здравје и зависност. Со ова ќе ги стекнат вештините и способноста на локалните служби.

## Кога бидат отворени локалните служби?

До крајот на 2022 година, ќе ги отвориме првите шест локални служби во:

- Бенала
- Бримбенк

- Франкстон
- Грејтр Џилонг
- Летроуб Вели
- Витлси.

До крајот на 2026 година, планираме да отвориме служби за сите Викторијанци.

## Како да дадам мое мислење за отворањето на локалните служби?

Врз основа на конечниот извештај на Кралската комисија, одлучено е за многу од карактеристиките на новите локални служби. Меѓутоа, ќе имате можност да кажете свое мислење за:

- она што сакате да го доживеете кога користите локална служба.
- видот на лекувањето, негата и моделот на поддршка.

Ќе се консултираме со лицата со стекнато искуство, семејствата, негувателите и поддржувачите, работната сила, давателите на услуги, здружени организации и групи за застапување. Во овој процес ќе има и локални советувања за да се разберат специфичните потреби на секоја заедница. За информации околу тоа како да земете учество, посетете ја Engage Victoria <https://engage.vic.gov.au/local-adult-older-adult-mental-health-wellbeing-services>

## Што беше улогата на Кралската комисија во системот за ментално здравје на Викторија?

Кралската комисија разгледа како да се создаде систем за ментално здравје и благосостојба кој обезбедува холистички третман, нега и поддршка за сите Викторијанци. Конечниот извештај на Кралската комисија беше доставен во февруари 2021 година и е достапен на веб-локацијата за улогата на Кралската комисија во системот за ментално здравје на Викторија <http://rcvmhs.archive.royalcommission.vic.gov.au/index.html>

Може да прочитате и за тоа како ги спроведуваме препораките на Кралската комисија на веб-локацијата Health.Vic за реформи во менталното здравје <https://www2.health.vic.gov.au/mental-health/mental-health-reform>.

Последно ажурирање: 29 јули 2021 година

За да го добиете овој документ во друг формат, јавете се на 1300 650 172, користејќи ја Националната служба за лица со оштетен слух/говор 13 36 77, по потреба или испратете е-пошта на тимот за Ментално здравје и благоостојба на возрасни и постари возрасни лица <localservices@health.vic.gov.au>.

Овластено и објавено од Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Melbourne.

© Сојузна држава Викторија, Australia, Министерство за здравство, јули 2021 г.

ISBN/ISSN 978-1-76096-485-6 (pdf/online/MS Word)

Достапно на веб-страницата Local Adult and Older Adult Mental Health and Wellbeing Service - Engage Victoria <https://engage.vic.gov.au/local-adult-older-adult-mental-health-wellbeing-services>